**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Министерството за економија, согласно Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 120 од 01.09.2017 год.), објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК
## за пријавување на интерес на угостителските објекти за сместување во туристичките центри во Република Македонија за организиран одмор на работници со ниски приходи

1. " Согласно Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Македонија ("Сл. весник на Репбулика Македонија" бр. 120 од 01.09.2017 год.), Министерството за економија објави Јавен повик за **пријавување на интерес на угостителските објекти за сместување во туристичките центри во Република Македонија за организиран одмор на работници со ниски приходи**

2. Основна цел на оваа мерка е да им се овозможи на лицата со ниски приходи да искористат годишен одмор во туристичките центри во Република Македонија и во исто време да им се помогне на туристичките центри во зголемување на обемот на работа надвор од туристичката сезона.

3. **Право на учество на јавниот повик** имаат сите категоризирани угостителски објекти за сместување во Република Македонија.
   За пријавување на интерес угостителските објекти за сместување до Министерството за економија треба да достават:
   - Пополнет образец на барање за пријавување на интерес (готов формулар)

   По реализација на организираниот одмор, угостителските објекти се обврзуваат до Министерство за економија да достават копија од Потврдата за користење на организиран одмор за работници со ниски приходи заедно со фактура за наплата на средствата најдоцна до 18.12.2017 година.

   Образецот на барањето за пријавување на интерес за користење на средства за организиран одмор може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk .

   Барањата со комплетна документација се доставуваат во Архивата на Министерството за економија, лично или преку пошта на адреса ул.„Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје до **14.09.2017 година.**

**За подетални информации да се обратите на :**
**·тел:(02) 3093 540; (02) 3093 543 ·факс: (02) 3093 540: емаил:** bekim.hadziu@economy.gov.mk